# СЛУЖБ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕД

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 18 март 1971

БЕЛГРАД

БРОЈ 13 ГОД. XXVII

Цена на овој број е 4 динари. — Претплатата за 1971 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226. — Телефони централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Претплатна служба 51-732; Продажна служба 51-671


**117.**

Врз основа на членот 174 став 1 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70 и 60/70), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И ЗА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Во матичната евиденција за осигурениците и за уживателите на пензии (во понатамошниот текст: матичната евиденција) се обезбедуваат податоците потребни за остварување на правата од инвалидското и пензиското осигурување и за спроведување на тоа осигурување.

Член 2

Матичната евиденција се организира врз основа на единствено и еднообразно устројување, евидентирање и давање на податоци.

За устројувањето и за водењето на матичната евиденција и за давањето на податоците содржани во матичната евиденција се употребуваат обележја во значењата определени со прописите за евиденциите во областа на трудот, со прописите за социјалното осигурување и со другите прописи.

Регистрирањето на податоците во матичната евиденција се врши според единствен кодекс на шифри.

Член 3

Матичната евиденција ја организираат, ја устројуваат и ја водат републичките и покраинските заводи за социјално осигурување (во понатамошниот текст: републичките односно покраинските заводи).

Матичната евиденција за воените осигуреници ја организира, ја устројува и ја води Државниот секретаријат за народна одбрана во согласност со одредбите на оваа уредба. Поблиски прописи за организирањето, за устројувањето и за водењето на таа евиденција донесува државниот секретар за народна одбрана.

Член 4

Матичната евиденција се организира така што податоците што се во неа регистрирани да можат да се користат и за други потреби на социјалното осигурување.

Републичките односно покраинските заводи, врз основа на одлука на собранието на републичката односно покраинската заедница на социјалното осигурување, одлучуваат за опремата што ќе се користи за водењето на матичната евиденција.

Член 5

Во матичната евиденција се регистрираат податоци за:

1) лицата во работен однос што работат со полно работно време, лицата што работат најмалку со половина од полното работно време, лицата осигурени според други основи во смисла на Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69) освен за лицата од чл 22 и 23 на тој закон, уживателите на правото на туѓа помош и нега, лицата на кои пензискиот стаж им е утврден со решенија на органите надлежни според посебни прописи и лицата на кои времето поминато во работен однос им е запишано во работната книшка (во понатамошниот текст: осигурениците);

2) лицата што го оствариле правото на старосна, инвалидска и семејна пензија односно правото на инвалиднина (во понатамошниот текст: уживателете на пензија) по основ на Основниот закон за пензиското осигурување, Основниот закон за инвалидското осигурување, по посебни прописи за условите за здобивање со пензија на работниците запослени во рудниците на јаглен и по посебните прописи за определување надоместок за побарувања по основ на социјалното осигурување настанати во странство.

Член 6

Податоците за устројување и водење на матичната евиденција ги обезбедуваат осигурениците, работните и други организации и државните органи (во понатамошниот текст: организациите), приватните работодавци и заводите за социјално осигурување — со поднесување на пропишаните пријави.

Во пријавите од ставот 1 на овој член податоците се внесуваат само врз основа на јавни исправи и со закон утврдените евиденции што ги водат организациите односно заводите за социјалното осигурување.

Член 7

Кога во постапката од членот 175а односно од членот 175б на Основниот закон за пензиското осигурување ќе се изврши измена во конечните решенија врз основа на кои податоците се регистрирани во матичната евиденција, републичкиот односно покраинскиот завод е должен да изврши исправка на регистрираните податоци и за тоа писмено да го извести осигуреникот.

Член 8

Во постапките за решавање за правата на осигурениците од пензиското односно инвалидското осигурување, поведени од 1 јануари 1973 година, се користат податоците регистрирани во матичната евиденција.

Член 9

Заводите за социјално осигурување и организациите се должни со користење на средствата за јавно информирање и на друг погоден начин да ги запознаат осигурениците за нивните должности во врска со доставувањето на податоците за устројување на матичната евиденција.

Заводите за социјално осигурување и организациите се должни на осигурениците да им дадат правна и стручна помош во врска со извршувањето на нивните обврски околу доставувањето на податоците за устројување и водење на матичната евиденција.

## II. УСТРОЈУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

### 1. Податоци што се регистрираат во матичната евиденција

Член 10

Во матичната евиденција се регистрираат следните податоци:

а) за осигурениците:

1) матичен број;

2) општи податоци;

3) посебни податоци за учеството во Народноослободителната борба, за инвалидноста, за телесното оштетување и др.;

4) податоци за занимањето, за работното место и за квалификациите;

5) податоци за пензискиот стаж што осигуреникот го остварил до 31 декември 1964 година — по видовите на стажот;

6) податоци за стажот на осигурување што осигуреникот го остварил во изминатата календарска година почнувајќи од 1 јануари 1965 година;

7) податоци за личниот доход што служи за утврдување на пензискиот основ, а кој осигуреникот го остварил во изминатата календарска година почнувајќи од 1965 година;

8) податоци за организацијата во која осигуреникот бил запослен;

9) други пропишани податоци што се неопходни за остварување и за користење на правата на осигуреникот;

б) за уживателите на инвалидска и старосна пензија:

1) матичен број;

2) општи податоци;

3) посебни податоци за учеството во Народноослободителната борба, за инвалидноста, за телесното оштетување и др.;

4) податоци за видот на пензијата, за правниот основ кој служел за утврдување на пензијата и за намалувањето односно зголемувањето на пензијата;

5) податоци за пензискиот стаж;

6) податоци за личниот доход што е земен предвид за утврдување на пензискиот основ, за износот на пензискиот основ и за износот на пензијата;

7) други пропишани податоци што се неопходни за остварување и користење на правата на уживателите на инвалидска и старосна пензија;

в) за уживателите на семејна пензија:

1) податоци од точката а) односно б) на ставот 1 од овој член за активниот осигуреник односно за уживателот на пензијата од кого се изведува правото на семејна пензија;

2) општи податоци за уживателот на семејна пензија;

3) податоци за износот и за видот на семејната пензија;

4) други пропишани податоци што се неопходни за остварувањето и за користењето на правата на уживателите на семејна пензија;

г) за уживателите на инвалиднина:

1) матичен број;

2) општи податоци за уживателот на инвалиднина;

3) податоци за видот, за причината и за степенот на телесното оштетување, како и дијагноза;

4) податоци за износот на инвалиднината;

5) други пропишани податоци што се неопходни за остварувањето и за користењето на правата на уживателите на инвалиднина.

Во матичната евиденција се регистрираат само конечно утврдените податоци за личниот доход, за пензискиот стаж и за стажот на осигурување на осигуреникот.

Податоците за времето што осигуреникот го поминал на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во матичната евиденција се регистрираат во ефективно траење.

### 2. Устројување на матичната евиденција

Член 11

Матичната евиденција, во делот што се однесува на осигурениците (во понатамошниот текст: матичната евиденција за осигурениците), се устројува со регистрирање на податоците во таа евиденција врз основа на пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците која се должни да ја поднесат самите осигуреници.

Член 12

Пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците содржи општи и посебни податоци за осигуреникот со состојбата на денот на поднесувањето на пријавата, податоци за утврдените периоди на пензискиот стаж остварени до 31 декември 1964 година, како и податоци за стажот на осигурувањето наполнет по 1 јануари 1965 година до денот на поднесувањето на пријавата.

Член 13

Податоците за пензискиот стаж наполнет до 31 декември 1964 година осигуреникот ги внесува во пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците врз основа на податоците од работната книшка или врз основа на правосилните решенија со кои надлежните органи го утврдиле пензискиот стаж.

Податоците за стажот на осигурување наполнет од 1 јануари 1965 година до денот на поднесувањето на пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците, осигуреникот ги внесува во таа пријава врз основа на податоците од работната книшка односно од пропишаната евиденција што ја водат организациите.

Посебните податоци за осигуреникот (учество во Народноослободителната борба, инвалидитет, инвалидност и др.) се внесуваат во пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците врз основа на решенијата на надлежните органи со кои односните податоци се утврдени.

Организациите се должни на осигурениците да им ги обезбедат податоците од пропишаната евиденција заради внесување во пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците.

Член 14

Пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците ја поднесува осигуреникот во работен однос, осигуреникот осигурен по друг основ, како и лицето кое не е во работен однос а на кое пензискиот стаж му е утврден со решение на органот надлежен според посебни прописи односно на кое времето поминато во работен однос му е запишано во работната книшка.

Пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците му се поднесува на комуналниот завод за социјално осигурување (во понатамошниот текст: комуналниот завод) кај кого осигуреникот е пријавен на осигурување.

Лицето кое не е пријавено на осигурување, а е должно да ѝ поднесе пријава на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците, таа пријава му ја поднесува на комуналниот завод надлежен според местото на живеењето.

Член 15

Кон пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците осигуреникот ја поднесува работната книшка, правосилното решение за утврдениот пензиски стаж до 31 декември 1964 година — ако пензискиот стаж не е запишан во работната книшка, како и решението за пензискиот стаж што е запишан во работната книшка без спецификација.

Осигуреникот, кој во пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците ќе ги внесе посебните податоци (член 10

став 1 точка а) под 3), кон пријавата го поднесува и решението на надлежниот орган со кое се утврдени тие податоци.

За утврдените периоди на стажот на осигурување остварен до 31 декември 1964 година и за периодите на стажот на осигурување остварен до 1 јануари 1965 до 31 декември 1969 година, кои осигуреникот ги поминал на работа на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење — осигуреникот поднесува и писмени докази за тоа.

Југословенските работници кои во времето на поднесувањето на пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците ќе се затечат во работен однос заснован со странски работодавец, кон таа пријава (член 28 став 2), покрај доказите од ст. 1 до 3 на овој член, поднесуваат и писмени докази за времето поминато на работа во странство.

Член 16

За поднесената пријава на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците, на осигуреникот му се издава потврда.

Пријавите на податоците за матичната евиденција за осигурениците комуналниот завод му ги доставува на надлежниот републички односно покраински завод, заради регистрирање на податоците во матичната евиденција.

Член 17

За податоците регистрирани во матичната евиденција за осигурениците републичкиот односно покраинскиот завод на осигурениците им издава писмено известување.

Известувањето од ставот 1 на овој член содржи:

1) име и презиме и матичен број на осигуреникот;

2) пензиски стаж наполнет до 31 декември 1964 година, искажан во години, месеци и денови (календарски);

3) стаж на осигурување наполнет од 1 јануари 1965 година до 31 декември 1969 година, искажан во години, месеци и денови (календарски);

4) периоди поминати на работни места на кои стажот на осигурување се смета со наголемено траење (календарски) и стапки на зголемувањето на стажот;

5) личен доход кој служи за утврдување на пензискиот основ остварен во одделни години од 1965 до 1969 година.

Известувањето од ставот 1 на овој член му се доставува на осигуреникот кој е запослен — преку работната организација во која е запослен, а на другите осигуреници — преку надлежниот комунален завод.

Член 18

Матичната евиденција, во делот што се однесува на уживателите на пензија (во понатамошниот текст: матичната евиденција за уживателите на пензија), се устројува со регистрирање на податоците во таа евиденција врз основа на пријавите кои на матичната евиденција ѝ ги доставуваат комуналните или републичките односно покраинските заводи.

Член 19

Комуналните заводи им доставуваат на републичките односно покраинските заводи пријава на податоците за уживател на инвалидска пензија, пријава на податоците за уживател на старосна пензија, пријава на податоците за уживател на семејна пензија и пријава на податоците за уживател на правото на инвалиднина.

Пријавите од ставот 1 на овој член се поднесуваат за сите уживатели на пензии и за уживателите на инвалиднини кои во тоа својство ќе се затечат во времето определено за поднесување на пријавата.

Член 20

Пријавите од членот 19 на оваа уредба ѝ ги доставува на матичната евиденција комуналниот или републичкиот односно покраинскиот завод што ја исплатува пензијата и инвалиднината, а врз основа на податоците од пропишаните евиденции.

Пријавата на податоците за уживател на правото на инвалиднина се доставува ако односното лице ужива само право на инвалиднина, односно право на додаток за помош и нега.

Ако надлежниот завод за социјално осигурување во часот на поднесувањето на пријавите од ставот 1 на овој член не располага со потребните податоци за уживателот на пензијата, дополнение на податоците во пријавите врши заводот за социјалното осигурување кај кого тие податоци се наоѓаат.

### 3. Водење на матичната евиденција

Член 21

Матичната евиденција за осигурениците се води така што во неа се внесуваат:

1) податоци за сите лица кои по устројувањето на матичната евиденција ќе се здобијат со својството на осигуреник од пензиското односно инвалидското осигурување;

2) податоци за престанокот на осигурувањето на лицата регистрирани во матичната евиденција;

3) податоци за стажот на осигурување и за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ што осигуреникот го остварил во изминатата календарска година

4) промени настанати во општите и во посебните податоци за осигуреникот и за неговото запослување, односно за утврдениот пензиски стаж;

5) промени на податоците за организацијата, односно промени во работењето на обврзникот за уплата на придонесите од социјалното осигурување на работниците.

Член 22

Податоците потребни за водење на матичната евиденција за осигурениците ги обезбедуваат организациите, приватните работодавци, осигурениците и комуналните заводи со поднесување на пријава на осигурувањето, одјава на осигурувањето, пријава за промената во текот на осигурувањето, пријава на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување, пријава на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување, пријава на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување, пријава на податоците за дополнително утврдениот пензиски стаж односно за зголемувањето на стажот на осигурувањето, пријава за промената на податоците за личниот доход и за личниот доход остварен со примање на надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување, пријава за промената на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок на личниот доход и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување.

Член 23

Пријавата на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување, пријавата на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување и пријавата на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместокот на личниот доход и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување се поднесуваат за стажот на осигурување и за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ и што осигуреникот ќе ги оствари по 1 јануари 1970 година.

Член 24

Матичната евиденција за уживателите на пензии се води така што во неа се внесуваат податоци за лицата кои по устројувањето на матичната евиденција ќе се здобијат со својството на уживател на пензија односно уживател на инвалиднина, како и сите промени во податоците регистрирани во матичната евиденција при нејзиното устројување.

Член 25

Податоците потребни за водење на матичната евиденција за уживателите на пензии ги обезбедуваат заводите за социјално осигурување со поднесување на пријавите од членот 19 на оваа уредба за сите лица кои по устројувањето на матичната евиденција ќе се здобијат со својството на уживател на пензија односно уживател на инвалиднина, како и на пријавите за промената во инвалидската, старосната и семејната пензија и на пријавите за промената во инвалиднината.

## III. ДОЛЖНОСТИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ, ОРГАНИЗАЦИИТЕ, ПРАВНИТЕ РАБОТОДАВЦИ И ЗАВОДИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 26

Заради обезбедување на податоците за водење на матичната евиденција се должни:

1) осигурениците:

— обврзници за уплатување на придонесите за своето осигурување да му доставуваат на комуналниот завод пријава на осигурувањето, одјава на осигурувањето и пријава за промената во текот на осигурувањето;

— во работен однос со најмалку половина редовно работно време — секоја промена во личните податоци за која нивната организација односно приватниот работодавец кај кого се запослени не е непосредно известен, да му ја пријават на организацијата односно на приватниот работодавец во рок од 15 дена од денот на настанатата промена;

— другите осигуреници — секоја промена во податоците да му ја пријават непосредно на надлежниот комунален завод во рок од 8 дена од денот на настанатата промена;

2) организациите:

— да му достават на комуналниот завод пријава на осигурувањето — за секој новозапослен работник, одјава на осигурувањето — за секој работник на кого ќе му престане работата и пријава за промената во текот на осигурувањето — за сите кај нив запослени работници кај кои ќе настапи промена во осигурувањето;

— да му достават на комуналниот завод пријава на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување за секој работник кој во текот на изминатата календарска година бил кај нив на работата;

— да му достават на комуналниот завод пријава за промената на податоците за личниот доход и за стажот на осигурување — за секој работник за кого доставиле пријава на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување, ако дополнително биде утврдена каква и да било промена во евидентираните податоци;

3) приватните работодавци:

— да му достават на комуналниот завод пријава на осигурувањето — за секој новозапослен работник, одјава на осигурувањето — за секој работник на кој ќе му престане работата и пријава за промената во текот на осигурувањето — за сите кај нив запослени работници кај кои ќе настапи промена во осигурувањето;

4) комуналните заводи — да му доставуваат на републичкиот односно покраинскиот завод:

— пријави од точ. 1 до 3 на овој член примени од осигуреникот, од организацијата односно од приватниот работодавец;

— пријава на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување — за секој осигуреник кој во изминатата календарска година бил запослен кај приватен работодавец, односно за осигуреник кој е обврзник за уплатување на придонесот за своето осигурување;

— пријава на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување — за секој осигуреник кој во изминатата календарска година примал недоместок на личниот доход според прописите за здравственото осигурување исплатен на товар на фондот на здравственото осигурување;

— пријава на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместокот на личниот доход и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување — за секој осигуреник кој во изминатата календарска година примал материјално обезбедување и надоместокот со право на запослување според прописите за инвалидското осигурување;

— пријава на податоците за дополнително утврдениот пензиски стаж односно за зголемувањето на стажот на осигурување — во сите случаи на дополнително утврдување на пензискиот стаж односно на дополнително зголемување односно бришење на тој стаж, кога решението за тоа ќе стане правосилно;

— пријава за промената на податоците за личниот доход и за стажот на осигурувањето — за секој осигуреник за кој комуналниот завод порано доставил пријава на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување, односно пријава за промената на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување или пријава за промената на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок на личниот доход и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување и за секој осигуреник за кој комуналниот завод порано доставил пријава на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување или пријава на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување, како и во сите случаи кога дополнително ќе биде утврдена промена во доставените податоци;

— соодветни пријави од членот 19 на оваа уредба за сите лица кои по устројувањето на матичната евиденција ќе се здобијат со својството на уживател на пензија односно уживател на инвалиднина;

— пријави за промената во инвалидската, старосната односно семејната пензија и пријави за промена во инвалиднината — за сите уживатели на пензија и уживатели на инвалиднина за кои се доставени пријавите од членот 19 на оваа уредба, а кај кои ќе настапи промена во податоците регистрирани во матичната евиденција;

5) републичкиот односно покраинскиот завод:

— да ѝ достави на матичната евиденција пријава за промената во инвалидската, старосната и семејната пензија односно за промената во инвалиднината — кога како второстепен орган по повод жалба од осигуреникот или во постапка за ревизија ќе го измени првостепеното решение, односно кога судот ќе одлучи за тие права;

— да ѝ достави на матичната евиденција пријава на податоците за дополнително утврдениот пензиски стаж односно за зголемувањето на стажот на осигурување — кога како второстепен орган по повод жалба од осигуреникот или во постапка за ревизија ќе го измени првостепеното решение за утврдување на пензискиот стаж, односно кога судот ќе одлучи за пензискиот стаж по повод тужба од осигуреникот;

— да ѝ достави на матичната евиденција соодветна пријава за сите уживатели на пензија во врска со конвенциите за социјално осигурување.

Член 27

Кога републичкиот односно покраинскиот завод ќе прими пријава на податоците за утврдениот ли-

чен доход и за стажот на осигурување за осигуреникот кој претходно бил регистриран во матичната евиденција на друг републички односно покраински завод, ќе побара податоци од републичкиот односно од покраинскиот завод кај кого се регистрирани тие податоци.

Републичкиот односно покраинскиот завод од кого се бараат податоците, е должен регистрираните податоци да ги достави најдоцна во рок од 8 дена од денот на примено барање.

Републичкиот односно покраинскиот завод од ставот 2 на овој член ќе ги достави и податоците од дополнително примените пријави од членот 22 на оваа уредба што се однесуваат на осигуреникот од ставот 1 на овој член — до републичкиот односно покраинскиот завод на кој за тој осигуреник му се доставени податоците регистрирани во матичната евиденција.

Ако уживателот на пензија се пресели на подрачје на друг републички односно покраински завод, републичкиот односно покраинскиот завод во чија матична евиденција уживателот на пензија е регистриран, е должен во рок од 8 дена од денот на приемот на пријавата за преселување, на тој завод да му достави препис на податоците регистрирани во матичната евиденција.

Републичкиот односно покраинскиот завод од чие подрачје осигуреникот се преселил ги задржува во својата евиденција регистрираните податоци и истовремено евидентира на кој завод и под кој датум му се доставени податоците.

## IV. РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИТЕ ПРИЈАВИ ЗА УСТРОЈУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 28

Осигурениците, организациите, приватните работодавци и заводите за социјално осигурување се должни пријавите определени со оваа уредба да ги доставуваат во следните рокови:

1) пријавите од чл. 12 и 19 од оваа уредба — најдоцна до 31 декември 1971 година;

2) пријавата на осигурувањето, одјавата на осигурувањето и пријавата за промената во текот на осигурувањето — во рок од 8 дена од денот на стапувањето на работникот на работа или во осигурување или по донесувањето на решението за својството на осигуреник и за основицата на осигурувањето, односно од денот на престанокот на работата на работникот или на осигурувањето, односно од денот на настапувањето на промената во текот на осигурувањето;

3) пријавата на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување и пријавата на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување — најдоцна до 30 април тековната година за изминатата календарска година;

4) пријавата на податоците за дополнително утврдениот пензиски стаж односно за зголемувањето на стажот на осигурување — во рок од 8 дена од денот кога решението за пензискиот стаж станало правосилно;

5) пријавата за промената на податоците за личниот доход и за стажот на осигурување, пријавата за промената на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување и пријавата за промената на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување — во рок од 8 дена од денот на утврдувањето на промената во доставените податоци;

6) пријавите од членот 26 точка 5 на оваа уредба — во рок од 8 дена од денот на донесувањето на решението;

7) пријавите од членот 25 на оваа уредба — во рок од 30 дена од денот на настанатата промена.

Југословенските работници кои во времето на поднесувањето на пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците ќе се затечат во работен однос заснован со странски работодавец, како и работниците на југословенските организации кои ќе се затечат на изведување работи во странство, се должни пријавата на податоците за устројување на матичната евиденција за осигурениците да ја поднесат во рок од 90 дена од денот на враќањето во земјата.

## V. ДАВАЊЕ ПОДАТОЦИ ОД МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 29

Кога податоците регистрирани во матичната евиденција не се даваат заради остварување на правата на осигурениците од инвалидското и пензиското осигурување или за спроведување на тоа осигурување, за условите и за начинот на давањето на податоците одлучува републичкиот односно покраинскиот завод.

## VI. МАТИЧЕН БРОЈ

### Член 30

За потребите на устројувањето и водењето на матичната евиденција, како и за обработката на податоците регистрирани во матичната евиденција, надлежниот завод за социјално осигурување го определува матичниот број за секое лице од членот 5 на оваа уредба.

Матичниот број се определува при првото доставување на податоците за осигуреникот односно за уживателот на пензија заради регистрирање во матичната евиденција.

Лицето од членот 5 на оваа уредба го задржува матичниот број и кога ќе се пресели на подрачјето на друг републички односно покраински завод.

## VII. ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА НА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 31

Документацијата што служи за устројување и водење на матичната евиденција се чува најмалку 30 години, сметајќи од денот на здобивањето на правата што произлегуваат од таа документација, но не помалку од 10 години од денот на смртта на уживателот на тие права, односно престанокот и загубата на правата на членовите на семејството на пензија

Податоците за лицата регистрирани во матичната евиденција кои не се здобиле со правото од инвалидското и пензиското осигурување се чуваат најмалку 40 години, сметајќи од последното внесување на податоците во матичната евиденција.

### Член 32

На место оригиналните документи можат да се чуваат микрофилмови ако со нив се обезбедува репродукување на документите на оригинален формат при целосна вредност со оригиналот.

Заверената фотокопија служи за докажување на фактите регистрирани во матичната евиденција.

### Член 33

По истекот на рокот од членот 31 на оваа уредба уништување на документацијата што служи за устројување и водење на матичната евиденција врши стручна комисија што ја формира собранието на републичката односно покраинската заедница на социјалното осигурување на работниците. Претседателот на комисијата е претставникот на држав-

ниот архив на републичката односно на автономната покраина.

Комисијата од ставот 1 на овој член врши и уништување на оригиналните документи по нивното снимање на микрофилм (член 32).

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Утврдувањето на личниот доход и на стажот на осигурувањето остварени до 31 декември 1969 година ќе се врши според Упатството за пријавување на утврдениот пензиски стаж и за утврдување и регистрирање на стажот на осигурување и на личниот доход во изминатата година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/68).

Начинот и средствата врз основа на кои ќе се соберат податоците неопходни за утврдување на личниот доход и за стажот на осигурување остварен од 1 јануари 1965 до 31 декември 1969 година ги определуваат републичките односно покраинските заводи.

Член 35

За личниот доход и за стажот на осигурување што се остварени во 1970 и 1971 година, пријавата на податоците за утврдениот личен доход и за стажот на осигурување, пријавата на податоците за личниот доход остварен со примање надоместок на личниот доход по основ на здравственото осигурување и пријавата на податоците за личниот доход остварен со примање на надоместок и на материјално обезбедување по основ на инвалидското осигурување, се должни обврзниците што ги поднесуваат тие пријави да ги достават во рокот од програмата на устројувањето на матичната евиденција кој врз основа на одлуката на собранието на републичката односно покраинската заедница на социјалното осигурување на работниците го утврдува републичкиот односно покраинскиот завод.

Член 36

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за воведување матична евиденција за осигурениците и уживателите на пензии, за пријавување на податоците за матичната евиденција и за регистрација на тие податоци („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/67 и 2/68).

Член 37

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 58
8 март 1971 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич,** с. р.

---

**118.**

Врз основа на членот 44 ст. 1 и 2 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), сојузниот секретар за стопанство издава

## НАРЕДБА
## ЗА АТЕСТИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ОД УВОЗ

1. Работната организација што увезла текстилни производи (во понатамошниот текст. увозникот) е должна тие производи да ги снабде со атест, со кој се утврдува дека им одговараат на условите за пуштање во промет односно за употреба определени со југословенските стандарди и дека во поглед на составот, квалитетот и другите својства им одговараат на декларираните податоци.

Увезените текстилни производи за кои не постојат југословенски стандарди можат да се пуштаат во промет само ако се снабдени со атест со кој се утврдува дека одговараат на меѓународните норми и узанси што се применуваат во прометот на текстилните суровини, полупроизводи и финални производи (стандарди и препораки на Меѓународната организација „iso“. норми и узанси на меѓународните организации „IWTO“, „BISTA“ и др.).

2. Како текстилни производи, во смисла на точката 1 од оваа наредба се подразбираат:

1) текстилни суровини (репроматеријал), вклучувајќи ги и чешланите ленти;

2) преѓа и конец, од сите видови, состави и намотки;

3) ткаенини: сурови, белени, бојосани, печатени и доработени;

4) позамантерија (ленти, тантели, везови и други слични производи);

5) конфекциски производи, плетени производи и чорапи;

6) канап, јажарија, мрежи и други слични производи;

7) теписи, ќилими, простирки и други покривачи за под;

8) филцеви и други неткаени текстилни производи;

9) текстилна галантериска и текстилна стока на парче.

3 Увезените текстилни производи што се наменети за преработка мораат да бидат снабдени со атестот од точката 1 на оваа наредба во прометот од увозникот до работната организација што тие производи ги купуваат заради преработка. Другите увезени текстилни производи мораат да бидат снабдени со атест во прометот помеѓу увозникот и работната организација на која увозникот непосредно ѝ ги продава тие производи, а во другите фази на прометот на фактурата мора да биде означен бројот и датумот на издадениот атест, називот и седиштето на стручната организација што го извршила атестирањето.

Со атест мора да биде снабдена секоја партија на пратката (лот — група бали) од ист вид производи, артикли, квалитетна класа, тип, стандард, состав и квалитет, потекло, форма и пакување.

4. Атестот за увезените текстилни производи содржи податоци што се однесуваат особено на: видот на производот, артикалот, бруто и нето — тежината, датумот на пристигањето, земјата на потеклото, називот и седиштето на испраќачот, увозникот, стручната организација што го извршила атестирањето, бројот на пакувањата од кои е земена мостра и начинот на земањето на мострите, методата на испитувањето, декларираните податоци за составот за квалитетот и за другите својства на производот и наодот на стручната организација утврден со атестирањето.

5. Атестирањето на увезените текстилни производи се врши според единствените методи на испитувањето на квалитетот и мострирањето, определени со југословенските стандарди односно со соодветните меѓународни норми и узанси што се применуваат во прометот на текстилните суровини, полупроизводи и финални производи.

6. Атестите за увезените текстилни производи ги издава стручната организација која располага со стручни кадри и со опрема за испитување на квалитетот и на другите својства на текстилните производи и која е регистрирана за таа дејност.

7. Оваа наредба влегува во сила по истекот на деведесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 1577/1
12 февруари 1971 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
**д-р Боривое Јелиќ,** с. р.

**119.**

Врз основа на членот 14 став 5 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 47/66 и 55/68), во врска со членот 8 став 3 од Законот за задолжително издвојување на остварениот дел од приходите на буџетот во 1970 година во посебна резерва („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/70 и 53/70), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ШТО МОЖАТ ДА ГИ ЗАПИШУВААТ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

1. Во Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија што можат да ги запишуваат општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 41/70) во точката 4 став 1 зборовите „30 април“ се заменуваат со зборовите: „31 декември“.

Ставот 2 се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О бр. 24
8 март 1971 година
Белград

Гувернер
на Народната банка
на Југославија,
д-р **Иво Перишин,** с. р.

**120.**

Врз основа на членот 14 став 5 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 47/66 и 55/68), во врска со членот 1 став 3 од Законот за издвојување на посебни сметки дел на приходот од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет, од царината и од судските такси во 1971 година („Службен лист на СФРЈ“. бр 53/70), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА КОИ МОЖАТ ДА ГИ ЗАПИШУВААТ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ОД СРЕДСТВАТА НА ПОСЕБНАТА РЕЗЕРВА ИЗДВОЕНИ ВО 1971 ГОДИНА

1. Народната банка на Југославија ќе издава свои благајнички записи почнувајќи од март 1971 година

2. Благајничките записи што ги издава Народната банка на Југославија можат да ги запишуваат општествено-политичките заедници од средствата на својата посебна резерва издвоени во 1971 година.

Благајничките записи од ставот 1 на оваа точка гласат на име.

3 Благајничките записи се издаваат во апоени од 10.000, 50.000 и 100 000 динари.

4 Благајничките записи се издаваат со рок на стасаност 30 април 1972 година, и со камата по стапка од 6% годишно

Каматата се исплатува во рокот на стасаноста, а се пресметува почнувајќи од денот на уплатата на средствата

5. Благајничките записи ќе се запишуваат кај Народната банка на Југославија — Централа во главните градови на социјалистичките републики и ќе се уплатуваат на сметката „7271 — Издадени вредносни хартии на општествено-политичките заедници до една година“.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О. бр. 25
8 март 1971 година
Белград

Гувернер
на Народната банка
на Југославија,
д-р **Иво Перишин,** с. р.

**121.**

Врз основа на членот 14 став 6 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 47/66 и 55/68), во согласност со Сојузниот извршен совет, гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОРАСТОТ НА КРАТКОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ ВО ФЕВРУАРИ И МАРТ 1971 ГОДИНА

1. Во Одлуката за ограничување на порастот на краткорочните кредити на деловните банки во февруари и март 1971 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/71) по точката 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а. По исклучок од одредбата на точката 1 од оваа одлука, деловните банки, со претходна согласност од Народната банка на Југославија, можат да ги зголемат краткорочните кредити над состојбата на тие кредити предвидена во таа точка, и тоа под следните услови:

1) зголемувањето да се однесува на кредитите за вложувања во земјоделското производство и на кредитите за подготвување на туристичката сезона;

2) деловната банка да ги исполнува сите услови на кредитната способност.“

2 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О. бр. 29
11 март 1971 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Вицегувернер,
**Бранислав Чолановиќ,** с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за пројавено херојско дело и покажан масовен и единствен отпор на непријателот, како и за извонреден придонес во организацијата на револуционерната власт, здравствената и санитетската служба, службата на обезбедувањето и известувањето и за успесите постигнати во оружените акции со што е создаден голем придонес за победата над непријателот во текот на Народноослободителната борба.

СО ОРДЕН НАРОДЕН ХЕРОЈ

Местото Љубљана;

Vernostna obveščevalna služba Osvobodilne fronte;

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Centralna tehnika Komunistične partije Slovenije,

Organizacija Osvobodilne fronte in Komunistične partije na slovenskih železnicah in njihovemu Rajonskemu odboru Osvobodilne fronte ter Rajonskemu komiteju Komunistične partije v Ljubljani,

Zdravniški in sanitetni matični odbor Osvobodilne fronte Ljubljana.

Бр. 61
24 април 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Лукиќ инж. Милош.

Бр. 62
24 април 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод дваесетпетгодишнината од излегувањето на весникот, а за особени заслуги и придонес во изградбата на земјата, во зацврстувањето и развивањето на работничкото самоуправување и социјалистичките општествени односи

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Časopisno podjetje Mariborski tisk — Večer, Maribor;

по повод стогодишнината на постоењето и работата, а за заслуги на заштитата на спасувањето на животите, на општествениот и личниот имот со што е создаден значаен придонес за социјалистичката заедница

Gasilsko društvo — Ljubljana — mesto.

Бр. 63
27 април 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р

---

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод седмудесетгодишнината на животот, а за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА SВЕЗДА

резервниот генерал-мајор: Оштриќ Стјепана Звонимир;

по повод шеесетгодишнината на животот, а за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА SВЕЗДА

резервните генерал-полковници: Ѓуровиќ Ѓуре Милинко, Јанковиќ Саве Блажо;

резервните генерал-мајори: Косовац Шпире Дмитар, Вулетиќ Јоке Марко;

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

резервните генерал-мајори: Јандриќ Ѓуре Душан, Раичевиќ Милете Милисав;

по повод педесетгодишнината на животот, а за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА SВЕЗДА

резервниот генерал-мајор: Креча Михајла Станко.

Бр. 66
5 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 117. | Уредба за матичната евиденција за осигурениците и за уживателите на пензии | 233 |
| 118. | Наредба за атестирање на текстилните производи од увоз — — — — — — | 238 |
| 119. | Одлука за измена на Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија што можат да ги запишуваат општествено-политичките заедници — — — — — — — — — | 239 |
| 120. | Одлука за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија кои можат да ги запишуваат општествено-политичките заедници од средствата на посебната резерва издвоени во 1971 година — — — — — — — — — — | 239 |
| 121. | Одлука за дополнение на Одлуката за ограничување на порастот на краткорочните кредити на деловните банки во февруари и март 1971 година — — — | 239 |
| | Одликувања — — — — — — — — — — | 239 |
| | Меѓународни договори — — — — — — — | 109 |


**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух. Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**